За потребите на проектот “Млади агенти на промената”, финансиран од Европската Унија преку ИПА Програма за граѓанско општество и програма за медиуми 2020, , EuropeAid/171333/DD/ACT/MK, Поддршка на граѓански младински иницијативи, активизам и волонтерство во локалните заедници во Република Северна Македонија, комсијата за набавки при Сојуз на извидници на Македонија објавува:

ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ бр. 2021/430-647-1/1 - СИМ

За услуги за хотелско сместување

1. Договорен орган

Сојуз на извидници на Македонија, ул. „Кукушка“ 4А Скопје, во рамки на проектот “Млади агенти на промената”

2. Предмет на договорот за набавка на услуга

Предмет на договорот за набавка на услуги за сместување за 8-дневен настан.

Набавката не е делива.

3. Опис на услугата

Број	**Опис на производ/услуга**	**ВКУПНО**
1.	Сместување - 7 ноќевања (+храна 3 оброци) за 100 лица	**700**
2.	Оброк (доручек, ручек и вечера) за 100 лица	**2 100**
3.	2 кафе паузи (колачи, еспресо, макијто) и освежување (вода за време на настанот x 2 пати)	**1400**
4.	Изнајмување на конференциска сала за 100 лица за 8 денови	**1 сала 8 дена (100 лица капацитет)**

4. Услови и критериуми за учество на повикот

Понудувачот потребно е да располага со следните технички и професионални капацитети:

- Да поседува соодветна технологија за да ги испорача бараните добра
- Да поседува професионална способност за вршење на дејност
- Сала за одржување на работилницата, адаптирана според бројот на учесници и простор за работа во групи;
- Платно за проектирање и проектор;
- Флипчарт табла;
- Бесплатен пристап до интернет;
- Паркинг простор;
- Редовна дезинфекција на работните простории

5. Временска рамка

Услугата треба да се испорача во периодот од 15 - 22 август, 2022 година.

6. Изготвување на понудите

Набавката ќе се реализира од страна на добавувач со искуство за испорака на ваков тип на услуги. Сојуз на извидници на Македонија во согласност со одредбите на договорот со донаторот и интерниот правилник за реализација на набавки спроведува ограничен повик со прибирање на најмалку 3 понуди.

Понудата треба да содржи следните елементи:

а) Финансиската понуда треба да се изготви според образецот даден како прилог во тендерската документација
б) Документи за докажување на техничка и професионална способност:
- Референтна листа (Образец даден во прилог на тендерската документација)
- Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач (Образец даден во прилог на тендерската документација)

Секој понудувач може да учествува само со една понуда. Рок на важност на понудата: најмалку 21 дена од денот на отворање на понудите.
Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик на печатно кирилско писмо пополнети рачно или на компјутер. Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-пошта sim@scout.org.mk, тел. +389 70 566 213 во рокот за прибирање на понуди.

7. Начин на доставување на понудите

Понудите се доставуваат по електронски пат на sim@scout.org.mk или во хартиена форма по пошта или лично на ул. „Кукушка“ бр. 4А Скопје при Сојуз на извидници на Македонија, со назнака "ЗА ПРОЕКТ: Млади агенти на промената и се наведува бројот на повикот 2021/430-647-1/1 - СИМ. Доколку понудите се доставуваат електронски истите треба да бидат скенирани со потпис и печат од овластено лице.

Краен рок за доставување на понудите е 15.6.2022.година најдоцна до 16:00 часот.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние понуди што нема да ги содржат потребните елементи или не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид за понатамошна евалуација.

8. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе се изврши по реализација на услугата.

9. Критериуми за доделување на договор

Критериум за доделување на договор е **најниска цена**

10. Известување на понудувачите

Ќе биде контактиран само понудувачот кој доставил најповолна понуда според утврдениот критериум за доделување на договор

Скопје, 11 мај 2022 година

Бобан Москов

Владимир Костовски

Сојуз на извидници на Македонија

Funded by the European Union